Република Македонија
Влада на Република Македонија
Агенција за млади и спорт

Бр. ______-_____/___________
___________2018 год.
*Агенција за млади и спорт*
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашанаров“
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
+389 (0) 2 3126-270
Факс: +389 (0) 23117-693
Email: contact@ams.gov.mk
**web: www.ams.gov.mk**

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија„ бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), Директорот на Агенцијата за млади и спорт донесе :

# ПРАВИЛНИК
## за определување постапка и утврдување критериуми за доделување награди на млади талентирани лица во Република Македонија

**Дефиниции:**

- **Согласно Националната статегија за млади (2016-2025) терминот млади луѓе се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години;**
- **Под меѓународен натпревар се подразбираат меѓународни натпревари кои се организирани на регионално, континентално и светско ниво;**
- **Под државен натпревар се подразбира натпревар кој е организиран од акредитирани здруженија на наставници кои можат да организираат натпревари за учениците од основните и средните училишта во Република Македонија.**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој правилник се определуваат субјектите, постапката и критериумите за доделување на награди на млади талентирани лица.

(2) Наградите се доделуваат во вид на парични средства.

(3) Паричните средства од ставот 2 на овој член, Агенција за млади и спорт ги доделува согласно расположливите средства како еднократен износ, во текот на една календарска година, а истите се обезбедени со : Програма 30 - Млади.

(4) Висината на средствата од ставот 3 од овој Правилник се одредува/обезбедува за секоја година посебно, со буџетот на Република Македонија, кој се објавува во Службен весник на Република Македонија.

## II. СУБЈЕКТИ НА КОИ СЕ ДОДЕЛУВААТ НАГРАДИ

**Член 2**

(1) Корисници на наградите за млади талентирани лица се :

-Млади лица кои се дел од тимот кој ќе учествува на меѓународни натпревари по завршени селекциони натпревари кој се учесници на државните натпревари организирани од страна на лиценцирани Здруженија на наставници од страна на Министерството за образование и наука.

-Млади лица кои имаат освоено прво, второ или трето место на организирани меѓународни натпревари.

## III. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ

**Член 3**

(1) Агенцијата за млади и спорт објавува Повик за доделување награди во вид на парични средства на корисниците од член 2 на овој Правилник.

(2) Објавениот повик е во сила (со рок) се до искористување на обезбедените средства од член 1 став 4 во тековната година.

(3) Доколку средствата од член 1 став 4 се искористат во текот на годината за која се обезбедени, Агенцијата е должна да спроведе дејствија со цел прекинување на важноста (рокот) на објавениот повик.

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ

**Член 4**

(1) Корисниците на наградите како прилог документација кон објавениот повик доставуваат:

I. за млади лица кои се дел од селектираниот тим кој ќе учествува на меѓународни натпревари:
- ✓ копија од лична карта/пасош; (исправа за лична идентификација)
- ✓ извештај од одржаниот државен натпревар;
- ✓ извештај од одржаниот селекционен натпревар и рангирање на учениците за учество на меѓународен натпревар ;
- ✓ копија од Решение за акредитација на Здружението на наставници за организирање на државни натпревари издадена од Министерството за образование и наука;

II. за млади лица кои имаат освоено прво, второ или трето место на организирани меѓународни натпревари:

- ✓ копија од лична карта/пасош; (исправа за лична идентификација);
- ✓ диплома/извештај за освоено прво, второ и трето место;
- ✓ потврда за редовен студент/ученик;
- ✓ потврда (уплата на котизација) за учество на меѓународен натпревар;
- ✓ уверение за државјанство;

## III. НАГРАДУВАЊЕ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИРАНИ ЛИЦА

**Член 5**

(1) На субјектите корисници на награди од член 2 став 1 алинеја 1 се доделува парична награда во износ од 2 (две) просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во последните два месеци пред доделувањето на наградата.

(2) На субјектите корисници на награди од член 2 став 1 алинеја 2 се доделува парична награда во износ од 2 (две) просечни нето плати исплатени по работник во Републиката во последните два месеци пред доделувањето на наградата.

**Член 6**

(1) Разгледување и евалуација на документацијата на корисниците се врши врз основа на воспоставените критериуми од член 4 на овој Правилник.

(2) Секторот Млади се задолжува за координација, разгледување и евалуација по пристигнатата документација.

(3) Директорот на Агенција за млади и спорт донесува Одлука за доделување награди во вид на парични средства (одобрување на средства).

(4) Директорот носи Решение за исплата на средства.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 7**

Овој правилник не се однесува на млади талентирани лица за освоени резултати на меѓународни и државни натпревари во областа на спортот.

**Член 8**

(1) Толкување на одредбите на овој Правилник дава Агенција за млади и спорт.

(2) Изменување и дополнување на овој Правилник се врши по иста постапка како и при неговото донесување.

(3) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**ДИРЕКТОР**

______________________

**ДАРКО КАЕВСКИ**